**З А П И С Н И К бр. 32**

Од одржаната 32-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 28.06.2019 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со 8 советници, Маја Илиева е оправдано отсутна. Останати присутни:Градоначалникот Блаже Станков, Ленче Илиова,Методи Николов,Горан Кокев, Александра Коцева и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 31-тата седница.**
2. **Одлука за утврдување на максимален износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на даватели на јавни услуги и на директорот на јавната установа за деца во 2019 год.**
3. **Информација за доделено градежно земјиште на индивидуална изградба и давање на градежно земјиште на времено и трајно користење во периодот јануари – јуни 2019 год.**
4. **Информација за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Зрновци во периодот јануари – јуни 2019 година**
5. **Информација за реализацијата на Програмата за изгардба и одржување на локални патишта и улици на подрачјето на општина Зрновци**
6. **Одлука за давање Согласност за изменување и дополнување на Статутот на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка Бисерчиња – Зрновци**
7. **Одлука за давање на согласност за Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци**
8. **Одлука за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци**
9. **Статутарна Одлука за измена и допуна на Статутот на општина Зрновци**
10. **Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование на подрачјето на општина Зрновци**
11. **Известување до Советот на општина Зрновци за новонастанатата состојба во КЛП Водна Кула после извршното решение бр.527/2019 од извршител Горан Манојлов Кочани.**
12. **Разно**

Тек на седницата.

Претседателот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Методи Николов кажа дека за точките 3-та, 4-та и 5-та нема материјал и дека истите предлага да се одложат.Предлог дневниот ред со предложените измени беше даден на усвојување. Истиот беше усвоен со 5-ЗА гласа и 3 против.

1. **Усвојување на записникот од 31-тата седница.**

Претседателот ја отвори точката за дискусија.Виктор новков се јави и кажа дека во записникот имало грешки дека биле нотирани лица за присутни а истите не биле присутни. Му беше одговорено дека по грешка списокот е од некоја друга седница. Записникот со измените беше усвоен со 8-ЗА гласа.

2. **Одлука за утврдување на максимален износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на даватели на јавни услуги и на директорот на јавната установа за деца во 2019 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на ленче Илиова која појасни дека на седница на Влада е донесена одлука а Советот само треба да даде согласност на истата. Немаше дисксуија и одуката беше донесена со 7-ЗА и 1 против.

3. **Одлука за давање Согласност за изменување и дополнување на Статутот на Јавна општинска установа за деца – Детска градинка Бисерчиња – Зрновци.**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на директорката Александра Коцева да им ја појасни потребата од измени и кои се тие измени. Таа накратко даде образложение дека имало допис од страна на Министерството за труд и социјална политика од каде се наложувале промените во делот на името на државата, печатот и штембилот и критериумите за директор на градинката ( Б2 ниво англиски и лиценца за директор) ( членовите 6,20 и 33).За збор се јави



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Славчо Гиздовски кој праша дали може одвоено да се гласа за поедините членови на Статутот но му беше одговорено дека не може.Градоначалникот се јави за збор и кажа дека тој не знаел за овие измени и праша зошто на време не е информиран. Тој изрази сомнеж дека воопшто има потреба од менење на печатот и штембилот на установата а и за Статутот и измените не бил консултиран. Тој кажа дека градинката е основана од општината и Советот и тие се први кои треба да бидат известени и консултирани за било какви измени и одлуки. Јохан Георгиев се јави за збор и кажа зошто тогаш печатите на општината се сменети без одлука на Совет. Беше одговорено дека имало допис да се направи тоа а дека во Статутот пишувало општината има печат и штембил. Славчо Гиздовски побара да се одложи точката за да има време за консултации. За овој предлог гласаа 1-ЗА , 5 – против и 2 – воздржани. За одлуката на крај се гласаше: 3-ЗА, 4- против и 1-воздржан. Одлуката не беше донесена.

4. **Одлука за давање на согласност за Правилникот за внатрешна организација на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката. Директорката Александра Коцева ги појасни измените во делот на органограмот на институцијата. Виктор Новков праша дали работното место Помлад соработник сметководител било и порано.

Му беше одговорено дека било вметнато како можно работно место. Градоначалникот повторно искажа незадоволство зошто не бил известен за ова? Александра кажа дека биле следени инструкциите од Министерството кои биле со писмен допис доставени до институцијата. Виктор Ангелов праша што ќе се случи доколку Советот не даде согласност на правилникот? А Виктор Новков кажа дека според него треба да има прво анализа на потребите од работни места согласно предвидениот број на дечиња. На крај одлуката се стави на гласање и истата се усвои со 6-ЗА, 1- против и 1 воздржан.

5. **Одлука за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Александра Коцева појасни дека во систематизацијата се променети само шифрите и видот на образование според измените од законот. Одлуката беше донесена со 6-ЗА,и 2 воздржани.

6. **Статутарна Одлука за измена и допуна на Статутот на општина Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката и кажа дека истата веќе еднаш била одложена. За збор се јави Славчо Гиздовски кој кажа дека овие предложени промени се срам за него и кажа дека истите нема да ги подржи. За збор се јави Виктор Новков кој праша зошто тогаш советниците не ги одбија тие 3 милиони денари кои беа доделени на општината за раздолжување? На крај одлуката се стави на гласање и за неа гласаа 3 – ЗА и 5-против. Одлуката не беше донесена.

7. **Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование на подрачјето на општина Зрновци.**

Претседателот отвори дискуија по точката. Методи Николов кажа дека лицето Ристо Камчев поднело понуда на тендерот за превоз на учениците и воедно и спремало документација за отварање на линиски превоз во општината. Овие предлог цени биле дадени од училиштето а Советот требало да ги прифати како највисоки цени кои може да бидат понудени на тендерот. Беше кажано и дека минатито тендер само фирмата на Камчев конкурирала за превоз на ученици. Се разви дискусија околу тоа дали треба советот да донесе одлука за највисоки цени, дали е компетентен и по кои критериуми ќе го стори тоа. Истотака се разви дискусија околу тоа дали предложените цени се високи или не. На крај одлуката беше ставена на гласање и за неа гласаа 5-ЗА и 3 воздржани.

8. **Известување до Советот на општина Зрновци за новонастанатата состојба во КЈП Водна Кула после извршното решение бр.527/2019 од извршител Горан Манојлов Кочани.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Збор зеде Горан Кокев кој накратко ги информира советниците дека до КЈП има стигнато извршно решение за наплата на долг како резултат од изгубен судски спор помеѓу КЈП и лицето Роберт Митев на име не исплатен хонорар за работа во фабриката за вода. Тој кажа дека претпријатието е блокирано за износ од 208.218 мкд без камати. Дека тој успеал да ги подмири трошоците за овој месец исплаќајќи 60.000 мкд но дека прашање е дали наредниот месец сметката нема да биде блокирана. За збор се јави Градоначалникот кој кажа дека е изненаден од оваа завршница на спорот бидејќи бил убедуван од Васко Горгиев дека КЈП нема да го изгуби спорот.Директорот кажа дека треба најитно да се исплатат средства во висина од 95.000мкд за да се отфрли можноста сметката на КЈП биде блокирана. Градоначалникот се консултираше дали и на кој начин може општината да помогне. Беше кажано дека сега наскоро



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

општината треба да направи ребаланс и дека може на име на трансфер до други институции да бидат префрлени 70.000 мкд. Ова беше со 8- 3А гласа изгласано како одлука и посебен заклучок.Исто така беше изгласано на наредната седница бидат поканети и Васко Горгиев и Роберт Митев да се изјаснат за случајот. Виктор Ангелов кажа дека овој преседан не треба да се повтори и се обрати до директорот дека треба тој на одговорно лице да го повика васко на одговорност и да пријави до финансиската полиција инаку останува и тој учесник во некои идни слични дела. Исто беше кажано од страна на директорот Горан дека на неколку негови иницијативи УО не се состанал и да донесе решение по овој проблем.

**9. Разно**

По оваа точка се разговараше за хроничиот недостаток на вода за наводнување по левиот магистрален канал.

Немаше понатамошна дискусија и седницата заврши во 15:24

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)